РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale

Бр.Nr 31-892/8
14-04-2026 20 год.viti
Skopje-Shkup

Друштво за производство, трговија и услуги
БАЛКАН МАРБЛЕ ИНДУСТРИЕС
ДООЕЛ експорт-импорт
Бр.03-631/1 2004 2026 год.
Скопје

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги БАЛКАН МАРБЛЕ ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Вепрчани 1" с.Вепрчани, општина Прилеп бр.57-669/36 од 31 март 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.71/26) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани 1" с.Вепрчани, општина Прилеп бр.24-7368/1 од 05.12.2013 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за производство, трговија и услуги БАЛКАН МАРБЛЕ ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
со адреса: Стив Наумов бр.3 влез -2 кат 5/88 Скопје – Чаир, Чаир
Република Северна Македонија
застапувано од лицето: Блеранд Сарачи
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ВЕПРЧАНИ 1" С.ВЕПРЧАНИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Вепрчани 1" с.Вепрчани, општина Прилеп бр.24-7368/1 од 05.12.2013 година и Анекс на Договорот за концесија бр.31-892/4 од 03.03.2026 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Вепрчани 1" с.Вепрчани, општина Прилеп бр.24-7368/1 од 05.12.2013 година и Анекс на Договорот за концесија бр.31-892/4 од 03.03.2026 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Вепрчани 1" с.Вепрчани, општина Прилеп бр.24-7368/1 од 05.12.2013 година и Анекс на Договорот за концесија бр.31-892/4 од 03.03.2026 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот | За Концесионер |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | Друштво за производство, трговија и услуги БАЛКАН МАРБЛЕ ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје |
| Сања Божиновска | Блеранд Сарачи |

Изработил: Љубица Лешоска Трајковска
Контролирал m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** "Вепрчани-1"с.Вепрчани - Прилеп

**Минерална суровина:** Мермер

**Површина = 3.611925 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7563780 | 4569840 |
| 2 | 7561880 | 4572260 |
| 3 | 7562864 | 4572006 |
| 4 | 7563798 | 4571798 |
| 5 | 7563825 | 4571722 |
| 6 | 7565640 | 4571220 |